Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 484 www.mchamber.mk 04.3.2022




# РЕЛЕВАНТНА УПИСНА ПОЛИТИКА – ОДГОВОР НА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА СТРУЧЕН КАДАР

*ИНДУСТРИЈАТА СО КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ БАРА ЦЕЛОСНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА КАКО ВО ЕУ*

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители



достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ИНДУСТРИЈАТА СО КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ БАРА ЦЕЛОСНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА КАКО ВО ЕУ




Легализацијата на канабисот за медицински цели во земјата ќе овозможи забрзан развој на оваа индустриска гранка и придонесе нашата земја да изгради географски бренд препознатлив во Европа и светот. Исклучително поволната почва, клима и сончеви денови ја вбројуваат РС Македонија меѓу земјите со најквалитетен канабис. Системот за одгледување на медицински канабис кај нас е различен од повеќето земји во Европа, бидеки ние го прифативме Канадскиот модел за производство базиран на приватни компании, наместо производството под државен монопол како што е во Германија, беше кажано на денешната прес конференција во Стопанската комора на Северна Македонија.

Во РСМ во моментот има регистрирано 67 компании со лиценца за одгледување на медицински канабис, од кои 34 се активни. Изминатиов период на 6 компании им се одземени лиценците за работа, а во процедура за добивање на нови лиценци се 10 компании од кои 7 ги исполнуваат условите и се во завршна фаза за одобренија за работа. Десетина од активните компаниии се со висок степен на индустриска технолошки напредна технологија во делот на екстракција и производи од медицински канабис кој би помогнале во многу состојби и дијагнози во сверата на неуро науката каде, според клинички испитувања, секојдневно се во потрага на нови лекови и препарати од канабис. Имено, индустријата од оваа гранка првенствено поставена на темелите на здравјето на лугето т.е пациентите кој реално имаат здраствен проблем во РСМ, има инвестирано приближно 1 милијарда евра и вработува преку 1000 вработени, и посредно вработува голем број на кооперанти

кој во различни свери ги нудат своите услуги, опрема и материјали, информираше Игор Ангелески-оперативен директор на Асоцијацијата.

Сликата која би требало да се вгради во решенијата содржани во предлог законот покрај тоа што се усогласени со правото на ЕУ со меѓународните акти и повелби на ООН треба да содржи и национална стратегија која ние како земја мора во најкус можен рок да ја усогласиме во еден пречистен текст на Законот за droги и психотропни супстанци а каде како предлагач ке се јави МЗ. Притоа, ќе се изготви стручна анализа произлезена од реалните потреби каде ке биде вклучена стручната фела, производителите, пациентите, МЗ, бирото за лекови, безбедносните структури, Царинската управа на РСМ каде во пречистениот текст би добиле еден сублимат од закон кој покрај европската регислатива ке ги вклучи и законските одредби дадени од Комисијата за контрола на дроги со седиште во Виена каде еден од условите е формирање на Агенција за контрола на канабис и психотропни супстанци во РСМ .Нашата заложба како асоцијација е да создадеме клима и услови за надминување на моменталната состојба со цел да ги откочиме моменталните пречки со кој пациентите, одгледувачите и производителите се соочуваат.

Компаниите кој се инвеститори во РСМ и се дел од оваа асоцијација доаѓаат од САД, Германија, Израел, Бугарија, Австралија ,Холандија, Канада, Полска и се дел од еден легален бизнис. Тоа се високо развиени модерни компании каде се произведуваат суровини за фармација и козметиката кој се составен дел од многу лекови и препарати. Сите овие компании согласно законот се должни да уплатат во Буџетот на РСМ 10% од нето добивката остварена во тековната година,каде овие сретства ке бидат наменети за проекти од јавен интерес, поддршка на фондови за ретки болести и др активности.

Во периодот кој следи Асоцијацијата ќе се залага за засилена едукација во делот на примена и лечење со медицински канабис. Преку разни советувања и симпозиуми овој метод да се направи подостапен за пациентите истовремено работејќи во делот на претставување на овие компании пред поширока jавност како на самите компании така и на нивните производи, се со цел да станат подостапни и поевтини за пациентите кој реално имаат потреба од нив, изјави Орце Јордановски, претседател на Асоцијацијата за медицински кабис при Стопанската комора на Северна Македонија.



# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО



Тековните предизвици во работењето на рудниците, предложените измени на законските прописи од областа на минералните суровини и регулирањето на статусот на бесправно изградените објекти, како и актуелните состојби во секторот рударство и вадење камен беа предмет на дискусија на online седницата која ја одржа Македонската асоцијација на рударството на 1.3.2022 година.
Присутните дискутираа за правниот третман на линиските инфраструктурни објекти имајќи го предвид предложениот текст на Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти во собраниска процедура, но и состојбите на терен кои ги засегаат рударските компании и во таа насока оценија дека е потребно да се покрене иницијатива за ревидирање на предложениот текст со која ќе се овозможи овој закон да ги реши моменталните ситуации во практиката настанати од минатото и да дозволи компаниите да ги легализираат овој тип на објекти кои тие ги владеат и одржуваат.
Осврт беше даден и на актуелните глобални случувања и можните негативни влијанија од руско – украинскиот конфликт врз рударскиот сектор и врз националната економија, при што беше оценето дека иако можеби нема да се чувствуваат директни влијанија, компаниите несомнено ќе почувствуваат индиректни влијанија предизвикани од драстичниот раст на цената на енергенсите и репроматеријалите на светските берзи, но и од набавките на опрема и технологии од овие земји.
Присутните разговараа и за престојните активности на Македонската асоцијација на рударството и за потребата од активно вклучување на членките во следниот период во подготовката на Анализата за состојбите во секторот рударство и вадење камен, која има за цел да даде приказ на секторот, економските индикатори, видовите минерални суровини и доделените концесии за минерални суровини во нашата држава, правната рамка и деловниот амбиент за работа на рударските стопански субјекти.

# Дебата за новата методологија за државна поддршка за поттикнување инвестиции




Дирекцијата за ТИРЗ заедно со Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство ќе работи на нова методологија за државна поддршка на инвестиции со цел унапредување на деловната клима во земјава и поттикнување на нови инвестиции со повисок квалитет. Со денешната панел дискусија, која се реализира во партнерство со Асоцијацијата при Советот за странски инвеститори во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија започнува процесот за изработка на новата Методологија за планирање, доделување и следење на ефикасноста и ефективноста при доделување на државната помош од ТИРЗ врз база на претходно утврдени критериуми.

Директорот на ТИРЗ, Јован Деспотовски посочи дека целта е да се стигне до поголеми ефекти од поддршката на државата за инвеститорите.

„Со новата методологија се фокусираме на реалните ефекти од инвестициите, а согласно тоа дефинирање на соодветна поддршка од државата. Ова е суштината на „паметниот“ пристап во поттикнување на инвестиции со повисок квалитет кои носат поголеми плати и повеќе пари во буџетот. Не одиме со стратегии и промени на закони туку со изработка на практични алатки кои носат конкретни резултати. Воведуваме принцип на подинамична поддршка од државата за сите компании кои имаат подобри ефекти од реализацијата на инвестициите,“ изјави Деспотовски.

Со Методологијата треба натамошно да се зајакне предвидливоста и ефикасноста на системот за државна поддршка на инвестиции, со целосен фокус на квалитет и интерес за државата и граѓаните, посочи Деспотовски и најави дека ТИРЗ продолжува со практиката на директна соработка и вклучување на деловната заедница во сите овие процеси.

„Една од целите на новата методологија ќе биде зголемување на приходите во буџетот од инвеститорите од постојните 40 милиони евра на над 100 милиони евра во наредните две до три годни. Исто така и засилување на трендот на раст на платите со цел бруто износот да надмине 1000 евра за истиот период,“ рече Деспотовски.

Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство ги поздрави ваквите иницијативи за директна соработка на бизнис заедницата со институциите која придонесува кон поефикасна деловна клима.

„ Овие правила кои се однесуваат на идните инвестиции ќе ни помогнат и нам за идните планови за проширување. Многу е важно да се поттикне регионален пристап на државна помош, односно индустријата да не е концентрирана во главниот град, туку со посебни механизми да се поттикнат инвестиции и во другите краеви од земјата со што ќе младите ќе имаат можност да работат и да останат онаму од каде што потекнуваат,“ предложи Мизо.

На панелот присуствуваа над 30 компании активни во зоните и надвор од нив. Тие ја поздравуваат инцијативата за отворени разговори, а сите конкретни предлози од оваа дебата ќе бидат анализирани и вклучени во новата Методологија која ќе ја изработи меѓународната ревизорска куќа ПрајсвотерхаусКуперс, избрана во отворена тендерска постапка. Новата методологија треба да се изработи за три месеци.

Преку ваков отворен дијалог иницииран од ТИРЗ претходно беше успешно заокруженоот процес на измена на Упатството за оправдани инвестициски трошоци на ТИРЗ, кое за прв пат е изработено од меѓународна ревизорска куќа и во соработка со Советот на странски инвеститори и компаниите.

# РЕЛЕВАНТНА УПИСНА ПОЛИТИКА – ОДГОВОР НА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА СТРУЧЕН КАДАР




Кампањата „Учи паметно, работи стручно“ која се реализира со поддршка на проектот „Образование за вработување“, денес продолжи во Прилеп и Битола. На настанот во Прилеп заедно со претставници на бизнис заедницата, стручните училишта, Стопанската комора и Центарот за стручно образование, присуствуваше заменик министерот за образование и наука, Лулзим Алиу, додека во Битола присуствуваше министерот за образование и наука, Јетон Шаќири. Домаќини на настаните беа градоначалниците на Прилеп и Битола.

Според министерот Шаќири, дијалогот е важен за учениците, но и за локалната самоуправа, бидејќи на тој начин се креираат квалитетни уписни политики, додека заменик министерот Алиу истакна дека идејата за квалитетна уписна политика е да се создаде квалитетен кадар кои ќе им служи на компаниите, а компаниите ќе и служат на самата општина, но и на целиот регион.

„Дуалниот модел на образование, кој со години наназад го заговараше Стопанската комора, е најефикасен начин за обезбедување стручен кадар кој придонесува за продуктивност во работењето, но и за раст и развој на компаниите, како и можност за подобрување на извозот на компаниите на европските и светските пазари“ истакна м-р Наташа Јаневска од Стопанската комора.

„Годишните анализи кои ги прави Стопанската комора за потребата од кадар за компаниите, членки на Комората, покажуваат дека 62% од компаниите се соочуваат со недостиг од стручен кадар, а од друга страна, според Извештајот на Европската комисија за напредокот на нашата земја, 80 % од невработените, се долгорочно невработени, зашто немаат стручни вештини. Причината за тоа, компаниите ја гледаат во досегашната уписна политика која не ги следеше потребите на бизнис заедницата на локално и регионално ниво. Токму со оваа кампања, преку социјалниот дијалог, каде компаниите на локално и регионално ниво ги искажаа своите потреби, а образовните институции излегоа во пресрет на нивните барања, минатата учебна година беше креирана релевантна уписна политика“ изјави Јаневска.

Јаневска потенцираше дека Комората, како најстара и најголема бизнис заеднива, во делот на образованието работи на две цели. Едната е да обезбедиме стручен кадар за потребите на компаниите, а втората цел е, да ја разбиеме предрасудата дека во стручното образование се запишуваат само послабите ученици и дека не е толку атрактивно. Со рамноправно учество со Министерството за образование и наука во оваа кампања, направивме да се подигне степенот на атрактивност на стручното образование и преку социјалниот дијалог направивме да се дизајнираат токму такви програми кои му се потребни на бизнис-секторот. Но работиме и на тоа, бизнис секторот да ги отвори вратите и да ги земе учениците на практична обука каде ќе можат теоретското знаење, практично да го применат во стекнувањето на стручни вештини. Резултат на тоа, е вклученоста на 211 компании во процесот на стручното образование. Комората помага во обезбедување ментори, лица вработени во компаниите кои ги водат учениците низ работниот процес додека реализираат практична обука во компаниите и во верификацијата на компаниите за реализација на практичната обука.

„Дополнително, Комората, преку Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан, обезбеди грант од 3,5 милиона евра за модернизација на стручното образование. Средствата се обезбедени преку Германската развојна банка. Едно стручно училиште и две или повеќе компании како Конзорциум, може да учествуваат на повикот за добивање на грантот и да добијат од 100 000 до 600 000 евра за набавка на современи машини и опрема и да ги опремат своите лабаратории и работилници за реализација на практична обука. Во моментов грант добиле 8 такви конзорциуми, односно 8 стручни училишта и 29 компании. Кон крајот на месец март се очекува и вториот повик и ги охрабрувам стручните училишта од Прилеп и Битола во соработка со компаниите да учествуваат на овој повик“, истакна Јаневска.

Како резултат на минатогодишниот социјален дијалот, во Прилеп се отворија вкупно 7 дуални паралелки со вкупно 99 запишани ученици, а во Битола, Ресен и Демир Хисар се отворија вкупно 5 дуални паралелки со вкупно 67 запишани ученици.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Онлајн семинар**

**10.03.2022**

# БЕСПЛАТЕН ВЕБИНАР ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во услови на брзо и динамично опкружување потребата од примена на дигиталните алатки во секојдневното работење се наметна како повеќе од потребна. Оттука и самата дигитализација како неминовен процес станува клучен фактор во обезбедувањето на ефикасност во работењето и конкурентска предност на пазарот.

Во насока на приближување на современите дигитални информатичко-комуникациски технологии и запознавање со нивните предности и функционалности, Советот за напредни технологии при Стопанската комора на Северна Македонија заедно со Македонски Телеком на 10 март 2022 година организираат вебинар за Дигитализација на финансиски сектор.

Вебинарот е наменет за сите компании од финансискиот сектор, како: банки, штедилници, фондови, осигурителни друштва, друштва за лизинг, финансиски друштва, како и сите останати чинители кои се заинтересирани да научат нешто ново во поглед на дигитализацијата во финансискиот сектор.

На самиот вебинар ќе бидат презентирани трендови во самиот сектор, ќе се даде акцент на споделувањето на позитивни искуства, а ќе бидат презентирани и алатки кои доведуваат до дигитализација и олеснување на извршувањето на работните процеси. Учеството на вебинарот е без надомест.

Програма:
Вовед
Статус на дигитализација во финансиски сектор
Споделување на искуство од компанија – бенефити од користење на дигитални услуги
Презентација на дигитални услуги на Македонски Телеком
Специјална промоција/квиз

Пријавувањето на учеството е со пополнување на регистрационата форма на следниот линк.

Реализацијата на вебинарот ќе биде со користење на современата платформа на Webex Cisco, современа и безбедна алатка која на професионален начин ни овозможува да ги користиме благодетите од дигитализацијата.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3356&lng=1



**Онлајн семинар**

**15.03.2022**

# МАНИПУЛАТИВНИ МАРКЕТИНГ ТЕХНИКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Секоја сериозна компанија која нуди производи и услуги на пазарот мора да пронаоѓа нови техники да допре до своите потрошувачи, било тоа да користи стари или така наречени „пандемски“ маркетинг техники.

За таа цел, дигитализацијата е едно од совршените решенија за пристап до секој од нас. Сега е одлично време за инвестиции во дигитален маркетинг, но и во добра маркетинг стратегија.

Целта на овој онлајн семинар е да ги разработиме манипулативните маркетинг техники. Според истражувањата голем дел од потрошувачите сметаат дека самото рекламирање е еден вид на манипулација со нивните чувства, потреби и навики, а не така е мал и процентот и на оние кои сметаат дека најголемата манипулацијата на нивното потрошувачко размислување се одвива на социјалните медиуми, односно на смарт телефоните кои се дел од нашето секојдневие.

Целна група:

Водич на маркетинг тимот во компаниите, службата на односи со јавноста, менаџмент, продажни асистенти

Предавач:

доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

За сите учесници на обуката ќе биде обезбедено:

- Упатства за приклучување на „онлајн“-семинарот;
- Материјали во електронска верзија.

Сите заинтересирани за учество  да се пријават најдоцна до 11.3.2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3330&lng=1

**Онлајн семинар**

**16.03.2022**

# СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНА ЛИЧНА МАТЕРИЈАЛНА И КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА УПРАВИТЕЛИТЕ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Стопанската комора на Северна Македонија, организира еднодневен онлајн семинар чија цел ќе биде детална разработка на видовите судски постапки преку кои се доаѓа до ефективна наплата на долговите директно од управителите и основачите на инсолвентните Трговски друштва. Имено, преку разработката на ваквите постапки ќе биде укажано на сите одредби од ЗТД, ЗС и КЗ кои претставуваат основа за поведување на истите, а воедно ќе бидат анализирани и сите одредби од кои се црпи целосната лична, материјална и кривична одговорност на управителите на трговските друштва во случаите кога ги доведуваат во неповолни ситуации своите доверители. Притоа, секоја постапка ќе биде проследена со практични примери од судската пракса преку кои учесниците ќе можат да добијат детална слика за начинот на подготовката, поведувањето и текот на постапките т.е. ќе имаат детална слика за сите дејствија кои мораат да ги превземаат за успешно спроведување на целите постапки.

Всушност, целта на овој онлајн семинар ќе биде разработка на законските можности и начини кои им стојат на располагање на доверителите кои можат да ги искористат преку судските постапки преку кои ќе можат конечно да ги наплатат своите побарувања од должниците-инсолвентните трговски друштва кои само по себе не располагаат со никакви парични средства, чии жиро сметки остануваат блокирани, а воедно и не располагаат со никаков друг движен или недвижен имот од кој евентуално би можеле да се наплатуваат побарувањата.

Предавач:
- М-р Тања Петковска, адвокат со долгогодишно искуство во областа на водењето на судски постапки, во областа на Стопанското (Деловно) право како и сертифициран обучувач на теми од областа на Деловното и Меѓународното право.

За сите учесници ќе биде обезбедено:
- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 14.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3331&lng=1



**Онлајн семинар**

**18.03.2022**

# Креирање и пополнување на ПРЕДМЕТ папка и пополнување на “ПОПИС НА документи/записи И ПРИЛОЗИ” при прием и создавање на документот/прилогот во насока на ефикасна организација и реализација

Целта на „онлајн“-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за доставување до сектори и нивна обработка креирање на кошулица, предмет папка како и нејзино пополнување. Пополнување на предмет папката во делот попис на документи/записи и прилози.

Целна група за семинарот:
-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискиото и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:
-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Заинтересираните за учество на овој „онлајн“ семинар можат да се пријават најдоцна до 16.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3340&lng=1

**Онлајн семинар**

**21.03.2022**

# НОВИНИ ВО ПОГЛЕД НА БОЛЕДУВАЊЕ ПОРАДИ КОВИД-19, КОРИСТЕЊЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ОПРАВДАНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА И ИСПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ИСТОТО

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 март 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Новини во поглед на боледување поради КОВИД-19, користење на боледување како основ за оправдано отсуство од работа и исплаќање надоместок за истото, отсуство на бремени работнички и други основи за исплаќање на надоместоци и додатоци на плата со особен осврт на работа на празник и работа во недела".

Во светло на променетиот режим на времетраење на боледувањето по основ на КОВИД-19, оваа работилница ќе ги разгледа моментално важечките правила со цел работодавачите и работниците да се запознаени со своите правва и обврски по однос на користење боледување поради оваа болест.

Дополнително ќе се разгледа целокупното регулирање на боледувањето како основ за отсуство од работа со надоместок на плата, при што ќе се разговара за различните обврски на работодавачите во зависност од типот на отвореното боледување.

Комплементарно на темата за обврските на работодавачот за исплаќање на надоместоци на плата поради оправдано отсуство на работникот, ќе се посочат и другите случаи кога согласно закон работодавачот ја има истата обврска, со тоа што посебно внимание ќе се посвети на анализата на платениот одмор поради лични причини на работникот, кое е дорегулирано со општите колективни договори.

Крајно, ќе се разгледаат и основите за исплаќање на додатоци на плата, а ќе се анализираат работата на празник и работата во недела како особено актуелна тема.

Работилницата ќе има интерактивен пристап.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 17.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3344&lng=1



**Онлајн семинар**

**23.03.2022**

# АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Зошто се корисни финансиските извештаи? Бидејќи, тие им помагаат на инвеститорите и доверителите во донесувањето подобри економски одлуки. Целта на онлајн семинарот е подобро разбирање на финансиските извештаи од корисниците на финансиските извештаи, со цел да се олесни подобрувањето на процесот на одлучување, со користење на НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ.

Разбирањето на финансиските извештаи помага во процесот на донесување одлуки за бизнисот. Претприемачите, инвеститорите и аналитичарите создаваат база на податоци низ одреден период на време која се презентира преку финансиските извештаи. Препознавањето на корисни информации кои стојат позади бројките во извештаите ќе ви кажат подеднакво или повеќе од самиот извештај. Само тогаш ќе знаете во која насока се одвива Вашиот бизнис.

Финансиската анализа претставува една алатка за препознавање на клучните елементи од вашите извештаи која преку сетот на финансиски показатели и нивното толкување ќе предонесе кон евалуација на тековното работење, идентификување на проблемите/областите на потенцијалните можности, развивање на буџети и имплементирање на идните стратегии кои во водат кон профитабилност, солвентност и ликвидност.

Овој онлајн семинар обезбедува рамка за проучување на анализата на финансиските извештаи. Оваа рамка се состои од користење на напредни Ексел алатки – создавање на информациски систем за финансиска анализа.

Преку овој еднодневен онлајн семинар ќе дознаете како да умеете да ги препознаете клучните елементи од финансиската слика на вашето претпријатие и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

**ЗСите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 21.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3336&lng=1

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088